INTERNATIONAL
BALKAN
UNIVERSITY
ibu.edu.mk

# МЕЃУНАРОДЕН БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

**БИЛТЕН БР. 32**

**Скопје, 12 октомври 2023 година**

СОДРЖИНА

1. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ХУМАНИСТИЧКИ И ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ ПРИ МЕЃУНАРОДЕН БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ВО СКОПЈЕ ........ 2

2. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕКОНОМСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ НАУКИ ПРИ МЕЃУНАРОДЕН БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ВО СКОПЈЕ ........ 8

3. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА НА ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН И ВИЗУЛЕНИ КОМУНИКАЦИИ, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН ПРИ МЕЃУНАРОДЕН БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ (МБУ), СКОПЈЕ, Р. С. МАКЕДОНИЈА ........ 15

4. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ПСИХОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ МЕЃУНАРОДЕН БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ........ 26

5. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА АНГЛИСТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ МЕЃУНАРОДЕН БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ........ 31

1. **РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ХУМАНИСТИЧКИ И ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ ПРИ МЕЃУНАРОДЕН БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Меѓународниот Балкански Универзитет објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха" на ден 27.09.2023 година, под код број 4 и врз основа на одлуката бр. 207.34/2023 од 09.10.2023 година на Наставно – научниот совет на Факултетот за хуманистички и општествени науки при Меѓународен Балкански Универзитет во Скопје, на седницата одржана на 09.10.2023 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања од областа на општествените науки во состав: проф. д-р. Кире Шарламанов, редовен професор Правниот факултет при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје, Проф. д-р Антоанела Петковска, редовен професор на Филозовски факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и проф. д-р Викторија Кафеџиска, редовен професор на Факултетот за хуманистички и општествени науки при Меѓународен балкански универзитет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во дневните весници „Слободен печат“ и во „Коха" на 27 септември 2023 година за избор на наставник во сите наставно-научни во областа (51101) Социологија на економија, (51101) Културна социологија под код 4 **,** на Факултетот за хуманистички и општествени науки при Меѓународниот Балкански Универзитет од Скопје, во предвидениот рок се пријавија двајца кандидати: Проф. д-р Лутфи Сунар, професор по социологија на Универзитет „Истанбул Меденијет“ во Република Туркије и д-р. Јетон Ракипи од Гостивар, Република Северна Македонија.. По разгледувањето на комплетната документација, Рецензентската комисија ги зеде предвид вкупните наставно-научни, научно-истражувачки, педагошки, стручно-апликативни и други остварувања на кандидатите. Врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот, комисијата констатира дека кандидатот д-р. Јетон Ракипи нема доставено целосна документација, односно нема листа на објавени трудови. Во однос на кандидатот Проф. д-

р Лутфи Сунар поднесокот е навремен и целосен, дека ги исполнува сите услови предвидени според Законот за високото образование и актите на Универзитетот, согласно со тоа комисијата прифати да го разгледа, да го проучи и да го достави следниот Извештај.

**Податоци за кандидатот Лутфи Сунар**

**1. Биографски податоции и образование**

Лутфи Сунар ги започнува додипломските студии во 1997 година на Универзитет „Билги" во Истанбул, Катедра за меѓународни односи и економија. Во 2002 година ги завршува студиите во истата институција и се стекнува со двојна диплома од областите Економија и Меѓународни односи**.** Веднаш потоа ги запишал магистерските студии во 2002 година на Технички универзитет „Јилдиз", кои што ги завршил во 2004 година. Во 2004 година се запишал на докторски студии при универзитетот „Истанбул", каде што во 2010 година докторирал на Катедрата за социологија и се стекнал со звањето Доктор по социолошки науки. Кандидатот активно го познава англискиот јазик. Во текот на своето образование активно започнал да пишува и да истражува на области на социологија, економијата и меѓународните односи.

Кандидатот Лутфи Сунар, својата академска кариера ја започнал во 2006 година како асистент на Универзитетот „Истанбул" на Факултетот за литература на катедрата за социологија, во период од 2006 година до 2010 година. Во 2010 година се стекнува со наставно – научното звање „Доцент" по социолошки науки на Универзитетот „Истанбул Меденијет" на Факултетот за уметност и хуманистички науки и социологија. Од 2016 се стекнува со наставно – научното звање „Вонреден професор" по социологија на Унивезитетот „Истанбул Меденијет" на Факултетот за уметност и хуманистички науки и социологија. Во 2021 година се стекнува со звањето „Редовен професор" по социологија на Факултетот за уметност и хуманистички науки и социологија при Универзитетот „Истанбул Меденијет".

**2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата**

**Научнои-истражувачка дејност**

Лутфи Сунар има објавено преку 20 научни трудови, во меѓународни списанија, а два од нив се со импакт фактор, меѓу кои и следниве трудови:

**А) Книги и поглавја**

1. Atmaca Taner**, Sunar Lutfi**, Akin Mahmut Hakki, Ucar Abdulla, (2023) "The Outlook of Society 2022: Post-Pandemic Society" İLKE Foundation for Science Culture and Educatio, Istanbul
2. **Sunar Lutfi,** Akin Mahmut Hakki, Gunes Umit, (2022) "*Konya in Light of Data and Indicators*" in book *"Konya: A City Development",* Konya Büyükşehir Belediyesi Kültür Yayınları
3. **Sunar Lutfi,** (2020), *"The Place of Islam in the Foundation of Modern social theory: Tocqueville, Marx and Weber"* The Oxford Handbook of the sociology of the Middle East
4. **Sunar Lutfi**, Azid Toseef (2019) "*Social justice in Islam"* in book *"Social Justice and Islamic Economics",* Sunar Lutfi, Azid Toseef (eds.), London: Routledge
5. **Sunar Lutfi**, (2014), *„Marx and Weber an Oriental Societies"* In the Shadow of Western Modernity, London Routledge

**B) Рецензирани трудови во релевантни научни списанија**

6. **Sunar Lutfi,** Geciml Gozde (2023), "The effects of the modern evolutionary synthesis on the new organizational paradigm" Department of Socilogy, Istanbul Medeniyet University, Kadikoy, Istanbul 34720, Turkiye;
7. **Sunar Lutfi** (2023) **"**New Forms of Secularities: Values and Latent Secularism in Everyday Life in Turkey" *XX ISA World Congress of Sociology,* Melbourne Australia
8. **Sunar Lutfi, Ozer Mahmut, Suna Eren** *(*2021), "Türkiye'de Mesleki ve Teknik Eğitimde Hizmet içi Öğretmen Eğitimine Yönelik Öğretmen Görüşlerinin Değerlendirilmesi*" Marmara University*, Atatürk Faculty of Education, *Journal of Educational Sciences, Volume: 54 No: 54,* pp. 233-254;

9. **Sunar Lufi,** Guvendi Merve Akkush (2020),, *"*Noticing the Elephant in the Middle of the Room: Manifestation of Socio-Economic Inequalities in the World and Turkey"*, Journal of Humanity and Society (insan & toplum), Volume: 10 No: 4,* pp. 1-40;

10. **Sunar Lutfi** (2020) **"**Müslüman toplumlarda çağdaş medeniyet tartışmaları", *Mardin Artuklu University,* Vol. 7, no. 1, pp. 77-97;

11. **Sunar Lutfi, Gunes Umut** (2020), "Sosyoekonomik Eşitsizlikler ve Tabakalaşma Araştırmalarının Gelişimi: Bibliyometrik Bir Analiz", *Journal of Human & Society*, Vol.10, no.4, pp. 505-555;

12. **Sunar Lutfi, Koytak Elyesa** (2019), "Mesleklerin Endustri Toplumu Sonrasi Donusumu: Diploma Onemini Kaybediyor mu?", the International Higher Education Studies Conference

13. **Sunar Lutfi**, Publication in AnadolumeKampus and anadolumobil, AOS Destek.:(2020).

14. **Sunar Lutfi.**,*The Routledge International Handbook on Max Weber*, (2019).

15. **Sunar Lutfi** (2019)**,** "*The Weberian City, Civil Society and Turkish Social Thought*" The Oxford Handbook of Max Weber.

**Податоци за кандидатот Јетон Ракипи**

## 1. Биографски податоци и образование

Јетон Ракипи е роден на 24.07.1985 година. Додипломско образование гзапочнал во 2004 година на ЈИЕ Универзитет – Тетово и го завршил во 2008 година, кога што се стекнал со стручното звање „Професор по социологија“. Веднаш потоа ги запишал магистерските студии во 2008 година и се стекнал со стручното звање „Магистер по дипломатија“, во 2010 година на ЈИЕ Универзитет – Тетово. Во 2016 година се запишал на докторски студии на универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје на Институтот за Социолошки и Политичко Правни Истражувања, каде што во 2023 година се стекнал со стручното звање „Доктор по соцолошки науки“ – научна област – социологија на животна средина.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По исцрпното разгледување на обемната приложена документација на двајцата кандидатите, на конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања за предметите од област (51101) Економска социолохија, (51110) Социологија на култура на Факултетот за хуманистички и општествени науки при Меѓународниот балкански универзитет, рецензентската комисија констатира дека, еден од кандидатите ги задоволува законските услови за избор во звањето редовен професор по социологија. По своето обемно работно искуство во областа на социологијата, наставното искуство во високообразовна институција, кандидатот Проф. д-р Лутфи Сунар ги исполнува потребните услови за избор во наставно-научно звање ***редовен професор*** во согласност со Законот за високото образование на РС Македонија и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања.

**Ни преставува чест и особено задоволство да му предложиме на Наставно – научниот совет на Факултетот за хуманистички и општествени науки при Меѓународниот балкански универзитет, кандидатот Проф. д-р Лутфи Сунар да го избере во наставно научното звање *редовен професор* во областа на Социологијата на Факултетот за хуманистички и општествени науки при Меѓународниот балкански униврзитет во Скопје.**

Скопје, 12.10.2023 година

**Рецензентска комисија:**

1. Проф.д-р. Кире Шарламанов, редовен професор с.р.
на Правниот факултет при Меѓународен балкански универзитет во Скопје

2. Проф. д-р Антоанела Петковска, редовен професор с.р.
на Филозовски факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

3. Проф. д-р. Викторија Кафеџиска, редовен професор с.р.

на Факултетот за хуманистички и општествени науки при Меѓународен балкански универзитет во Скопје

## 2. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕКОНОМСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ НАУКИ ПРИ МЕЃУНАРОДЕН БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот за избор на наставник во насловно звање во областа банкаство на Факултетот за економски и административни науки при Меѓународниот Балкански Универзитет од Скопје, објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха" на 27 септември 2023 година, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски и административни науки при Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје, со архивски бр. 202.25/2023 од ден 10.10.2023, формирана е рецензентска комисија во состав: д-р Африм Алили, Редовен професор на Економски факултет при Тетовски универезитет, д-р Узеир Сердар Сердароглу, вонреден професор на Факултет за економски и административни науки при Меѓународен балкански универзитет, Скопје и д-р Лиза Алили - Сулејмани вонреден професор на Факултет за економски и административни при Меѓународен балкански универзитет. Како членови на Комисијата, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов:

### ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во дневните весници „Слободен печат“ и во „Коха" на 27 септември 2023 година, за избор на наставник во насловно звање во област (30201) банкарство под код 8 , на Факултет за економски и административни при Меѓународниот Балкански Универзитет од Скопје, во предвидениот рок се пријавија четворица кандидати: д-р Беркан Имери, Сања Николич Блажевска, Георгиевска Билјана и Милица Милошеска Гавровска. По разгледувањето на комплетната документација, Рецензентската комисија ги зеде предвид вкупните наставно-научни, научно-истражувачки, педагошки, професионални и стручно-апликативни остварувања на кандидатите. Врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот, комисијата констатира дека кандидатот Сања Николич нема доставено целосна документација, додека Георгиевска Билјана не ги исполнува условите предвдиени со Законот за високото образование, односно нема најмалку четири труда во референтна научна публикација. Во однос на кандидатот д-р Беркан Имери и д-р Милица Милошеска Гавровска, нивната документација е навремена и целосена, и дека ги исполнуваат сите услови предвидени според Законот за високото

образование и актите на Универзитетот, па согласно со тоа прифати да ги разгледа, да ги проучи и да го достави следниот Извештај.

***Кандидат бр. 1***

## 1. Биографски податоци и образование

**Др. Беркан Имери** е роден на 13.05.1980 година во с. Д. Бањица во Гостивар. Своите академски студии ги започнува на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје од каде во 2007 година дипломира и се стекнува со стручен назив ***дипломиран економист***. Студиите ги продолжува и запишува постдипломски студии на Економскиот институт Скопје, при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и во јули 2019 година се стекнува со звање ***магистер по економски науки.*** Својот академски напредок го продолжува и на 14.07.2023 успешно ја брани докторската дисертација и се стекнува со звање Доктор по економски науки при Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет „Американ Колеџ“ во Скопје.

Во текот на своите студии одблиску се запознава со економската област низ практична работа која ја започнува уште во своите студии, за која што ќе биде образложено во работното искуство во овој Реферат.

## 2. Работно искуство:

ХАЛКБАНК АД Скопје ХАЛКБАНК АД Скопје

2017 – до денес

Директор на сектор за финансиско управување, сметководство и кредитна анализа Директор на сектор за финансиски менаџмент, сметководство и кредитна анализа

Ги опфаќа следните организациски единици:

Финансиски менаџмент, сметководство, известување, буџетирање, управување со перформанси и кредитна анализа

Ги опфаќа следните организациски единици:

Финансиски менаџмент, сметководство, известување, буџетирање, управување со перформанси и кредитна анализа

2015 – 2017 Раководител на сектор за финансиско управување и планирање Раководител на сектор за финансиско управување

2014 – 2015 Заменик-раководител на сектор за финансиско управување и планирање Заменик-раководител на сектор за финансиско управување и планирање

2013 – 2014 Помошник раководител на оддел за корпоративен маркетинг Помошник раководител на оддел за корпоративен маркетинг

2012 – 2013 Асистент - Оддел за мрежа на филијалиПомошник - Оддел за мрежа на филијали

2011 – 2012 Оддел за мрежа на филијалиОфицер - Оддел за мрежа на филијали

2010 – 2011 Службеник за продажба - Филијала Гостивар Продажен службеник - Филијала Гостивар

2022 – 2023 Генерален – секретар на Меѓународен балкански универзитет (ИБУ)

ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД

2021 – 2023 Член на одборот на ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД

2020 – 2021 Претседател на Одборот на ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД – Претседател на Управниот одбор

2019 – 2020 Член на одборот на ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД – Неизвршен член на одборот

2006 – 2010 Финансиски консултант Финансиски консултант

Компанија ЕСРА

2003 – 2004 Помошник сметководител

BAHEM LTDBAHEM LTD

## 3. Научно истражувачка дејност

Научниот интерес на д-р. Беркан Имери е од областа на економија и банкарство. Досега има објавено 6 научни трудови, има активно учествувано на бројни меѓународни конференци во земјава и во странство.

## 4. Објавени трудови

1. **Berkan Imeri.** (2023). Empirical analysis of the efficiency of the banking sector in western balkan countries. InTraders International Trade Academic Journal.

2., **Berkan Imeri,** Evica Delova Jolevska. (2022). The impact of the macroeconomic factors over the profitability of the banking sector in republic of north macedonia. XVI international scientific conference on service sector inscoses 2022. Ohrid, North Macedonia

3. Sanja Andreevska, **Berkan Imeri**, Bilal Sucubasi. (2021). Bank-Specific and Macroeconomic Determinants of the Profitability in Macedonian Banking Sector. 6th International Entrepreneurship and Social Sciences Congress, Aksaray – Türkiye.

4. **Berkan Imeri.** (2020). The Impact of the Macroeconomic Factors over the Performance of the Banking Sector in Republic of North Macedonia, 2020. International CEO Communication, Economics, Organization & Social Sciences Congress,.

5. Gunter Merdzan, Ervin Domazet, Bilal Sucubasi, **Berkan Imeri**. (2022). Effects of automation on labour markets in the emerging countries. International Conference of Applied Sciences, Engineering and Mathematics.

6. **Berkan Imeri.** (2021). The Effects of FDI on Domestic Investments in Western Balkans, The 20$^{th}$ International Scientific Conference Globalization and its Socio-Economic Consequences 2020.

***Кандидат бр. 2***

## Податоци за кандидатот Милица Милошеска Гавровска

### 1. Биографски податоци и образование

Милица Милошеска Гавровска е родена на 31.02.1990 година во Гостивар.

Во 2008 година се стекнува со стручниот назив „Дипломиран економист“ на департманот финансиски менаџмент на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Во 2014 година се стекнува со стручниот назив магистер на економски науки во областа на Монетарна економија, финансии и банкарство на Економскиот факултет Св. Кирил и Методиј во Скопје Во 2022 година се стекнува со стручниот назив Доктор на економски науки од научната област Економски науки – банкарство на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот Св. Кирил и Методиј.

### 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот

Кандидатот ги објавил следните научни трудови:

1. Milica Milosheska Gavrovska and Trajko Slaveski: „Factors contributing to the debt growth in the households sector in Macedonia and assessment of its possible impact on the financial system“, Journal of Contemporary Economic and Business Issues, Vol.6, No.1, pp. 87-102, Skopje, 2019,
2. Milica Milosheska Gavrovska and Trajko Slaveski: „The Long-Run and Short-Run Endogeneity of Money Supply in the Republic of Macedonia: An Empirical Analysis“, Eurasian Economies, Cambridge Scholars Publishing, ISBN (10): 1-5275- 5784-7; ISBN (13): 978-1-5275-5784-0; pp.242-258, 2020,
3. Милица Милошеска Гавровска и Трајко Славески: „Дигитална валута на централната банка“, Годишник на економски факултет – Скопје, Том 54 С, стр.143-156, Скопје, 2019,
4. Biljana Hadzi-Velkova, Milica Milosheska Gavrovska and Maja Stevkova Shterieva: „Climate change and its implications on the financial risks“, Economic Development: ISSN 1409-7893 (print), ISSN 1857-7741 (on line), Year 24 No. 4, October 2022,
5. Milica Milosheska Gavrovska: „Rising Interest Rates Reduce Inflation: An Empirical Study for the Republic of North Macedonia“, Journal of Economics, Management and Tourism, ISSN 2671-3810 online version, Vol. 2 No. 2, 2022,
6. Milica Milosheska Gavrovska: „Monetary Policy Tightening In The Republic Of North Macedonia Seen Through The Financing Of Households And Non-Financial Companies And Bank Profitability“ ќе биде објавен во следното издание на списанието Economic Development.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од горенаведените факти може да се константира дека на конкурсот од пријавените кандидати само двајца кандидати д-р. Беркан Имери и д-р. Милица Милошеска Гавровска ги исполнуваат условите предвидени со Законот за високото образование, па за тоа предмет на разгледување на оваа комисија беа само доставените документи на овие два кандидати.

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатот Беркан Имери, согласно одредбите на Законот за високо образование на Република Македонија, ги исполнува условите предвидени според истиот, односно има завршено трет циклус студии од соодветно научно подрачје при Универзитет Американ Колеџ, Факултет за деловна економија и организациони науки и се стекнал со академски степен "доктор по економски науки". Кандидатот д-р Беркан Имери досега има објавено 6 научни трудови. Исто така, кандидатот има постигнувања во примената на истражувачките резултати и способност за изведување на настава при високообразовна установа. Кандидатот Д-р. Беркан Имери има претходно академско искуство на Меѓународен балкански универзитет, затоа што во периодот наназад оддржувал предавања на студентите и го владее принципот на работа којшто е присутен во Универзитетот. Покрај англиски и македонски, ги зборува и локалните јазици – албански и турски, коишто јазици активно се зборуваат во рамки на Меѓународен балкански универзитет во Скопје.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Беркан Имери поседува педагошки, научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование ги исполнува сите услови да биде избран во звање Доцент по економски науки, во областа на банкарство.

**Чест ни е и особено задоволство да му предложиме на Наставно – научниот совет на Факултетот за економски и администратвини науки на Меѓународниот балкански универзитет, кандидатот Беркан Имери да го избере во звањето насловен доцент од областа банкарство на Факултетот за економски и администартивни науки при Меѓународниот балкански унивrзитет во Скопје.**

Скопје, 12.10.2023 година

**Рецензентска комисија:**

1. Проф. д-р Африм Алили, редовен професор с.р.

на Економски Факултет при Тетовски универезитет, Тетово

2. Вон. Проф. д-р Узејир Сердар Сердароглу, вонреден професор,с.р.

на Факултет за економски и административни науки при Меѓународен Балкански Универзитет, Скопје

3. Вон. Проф. д-р Лиза Алили - Сулејмани, вонреден професор,с.р.

на Факултет за економски и административни науки при Меѓународен Балкански Универзитет, Скопје

3. **РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА НА ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН И ВИЗУЛЕНИ КОМУНИКАЦИИ, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН ПРИ МЕЃУНАРОДЕН БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ (МБУ), СКОПЈЕ, Р. С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во наставно- научните/уметнички области на Факултетот за уметност и дизајн при Меѓународниот Балкански Универзитет од Скопје, објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха" на 28 септември 2023 година, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за уметност и дизајн при Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје, со архивски бр. 204.12/2023 од ден 10.10.2023, формирана е рецензентска комисија во состав: д-р Марија Ветероска, редовен професор на Факултетот за дизајн и мултимедија, АУЕ-ФОН универзитет - претседател, Скопје; проф. Д-р Џемил Бектовиќ редовен професор на Факултетот за уметност и дизајн при Меѓународен Балкански Универзитет, Скопје - член и проф. Д-р Тони Васиќ редовен професор на Факултет за Архитектура и Дизајн, Универзитет Американ Колеџ, Скопје - член. Како членови на Комисијата, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во дневните весници „Слободен печат“ и во „Коха" на 28 септември 2023 година, за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во област (60712) друго (графички дизајн и визуелна комуникација) под код 11, на Факултетот за уметност и дизајн при Меѓународниот Балкански Универзитет од Скопје, во предвидениот рок се пријавија двајца кандидати: м-р Лазе Трипков и Марија Стојаноска Петковски. По разгледувањето на комплетната документација, Рецензентската комисија ги зеде предвид вкупните стручно-уметнички, стручно-применети, наставно-научни, научноистражувачки, педагошки, стручно-апликативни и други остварувања на кандидатите. Врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот, комисијата констатира дека кандидатот Марија Стојаноска Петковски нема доставено целосна документација, односно нема потврда за завршен втор циклус на магистерски. Во однос на кандидатот м-р Лазе Трипков поднесокот е навремен и целосен, дека ги исполнува сите услови предвидени според Законот за високото образование и актите на

Универзитетот, па согласно со тоа прифати да го разгледа, да го проучи и да достави следниот Извештај.

## 1. Биографски податоци и образование

Пријавениот кандидат м-р Лазе Трипков е роден на 02.04.1978 год. во Скопје. Трипков во 1996 година отпочнува студии на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, и по добивањето на стипендија од Полската Влада во 1998 година своите студии ги продолжува на Академијата за убави уметности во Варшава. Во 2002 година се здобива со титулата магистер по графички дизајн со вкупен просек од 9,2. Во 2002 ги продолжува студиите на Академијата за убави ументости во Лоѓ, Полска со што завршува едногодишен пост магистерски стаж на смерот дизајн и нови медиуми. Во 2003 година добива стипендија од Институтот за Источна Европа со седиште во Варшава, за докторски студии на Одделот за Неофилологија, а подоцна е носител на Фулбрајтовата стипендија за истражувачки проект поврзан со улогата на симболите и иконографијата на Балканските народи во контекст на современите трендови. Студиите ги става во мирување во 2010 година.

Самостојно изложувал на 7 изложби во Скопје, Сараево, Њујорк и на преку 75 групни изложби ширум светот, со што му донесоа престижни награди како што се наградата Златна пчела од Московското биенале за плакат и почесната награда од Чешката асоцијација за графички дизајн AUG.

Основач е на здружените на граѓани од областа на графичкиот дизајн, филм и мултимедија ПЛАКАРТ, кое активно работи на промоција на визуелните уметности, улогата на плакатот и уметничките влијанија во контекст на современите социјалните проблеми, со што мултидисциплинарно пристапува кон обединување на визуелните уметности преку нејзините најдиректни форми на делување. Лазе е активно вклучен во различни организации и асоцијации поврзани со дизајнот, вклучително и член на Ротари заедницата во Скопје. Тој одигра значајна улога како директор на Скопје Постер Фестивалот од 2007-2019 година, за популаризација на плактот и плакатната уметност, а бил и ко-основач на Неделата на дизајн во Скопје и беше програмски директор на Скопје фестивалот за креативни индустрии. Дополнително, беше национален координатор за креативни индустрии во Министерството за култура на Република Македонија и работеше како консултант за програмата ПРОДЕ на Светска банка во Црна Гора. Има курирано,

организирано и реализирано многу меѓународни и регионални проекти и изложби за визуелни комуникации и дизајн, учествувал на многу конференции низ Европа, одржал предавања и работилници, учествувал како член на жири на реномирани фестивали и конкурси. Во период од април 2016 до август 2017 бил и директор на НИ Музејот на современата уметност од Скопје.

Поседува 13 годишно искуство во високото образование, во областа на визуелни комуникаци и графичкиот дизајн, како професор и предавач пренесувајќи им го безрезервно искуството на своите студенти на додипломски и мастер студии. Од 2018 година со одлука бр. 100-440/2018 од 03.10.2018 год., наставно-научниот совет на Факултетот за уметност и дизајн при Меѓународниот Балкански Универзитет од Скопје, го избира доц. М-р Лазе Трипков во звањето вонреден професор за група предмети од областа на графичкиот дизајн.

Од 2022 е кандидат на докторски студии на Факултетот за уметност и дизајн, Универзитет Јан Евангелист Пуркиње, Чешка Република во областа на визуелните комуникации.

## 2. Наставно-образовна дејност

Од поднесената документација на м-р Лазе Трипков во однос на унапредување на наставната дејност, посветен на изготвување на наставни материјали, менторства за прв и втор циклус на студии, учество во комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови, изработка на Елаборати за студиски програми од прв и втор циклус на студии, како и изведување на редовна настава на прв и втор циклус на студии.

Професионалниот ангажман во наставно-образовната дејност почнува да го остварува на Факултетот за дизајн и мултимедија при ФОН Универзитетот, каде со одлука на наставно-научниот совет во октомври 2010 е избран за доцент во областа на графичкиот дизајн и мултимедија, и две години подоцна е назначен за вице-декан во времетраење од два семестри. Како шеф на катедра останува на истоимениот факултет се до јуни 2013 година. Во текот на својот професионален педагошки ангажман на Факултетот за дизајн и мултимедија при ФОН Универзитетот во академските 2010/2011 2011/2012 2012/2013 подготвил наставни материјали и реализирал настава по 8 предмети од прв циклус на студии тоа: (1) Теорија на графички дизајн 1, (2) Основи на графички дизајн, (3) Графички

дизајн 1, (4) Графички дизајн 2 (5) примена на сметачите 2, (6) примена на сметачите 4, (7) Унапредување на графичкито дизајн, (8) графички дизајн 4, како и подготвил наставни материјали и реализирал настава по 2 предмети од втор циклус на студии, и тоа: (1) Комуникациски дизајн. (2) Подвижен графички дизајн.  За време на работењето на Факултетот за дизајн и мултимедија при Првиот Приватен универзитет ФОН во Скопје бил ментор за изработка дипломски трудови на 24 студенти и ментор за изработка на магистерски трудови на 4 кандидати.

Во октомври 2013 години својот професионален педагошки ангажман го продолжува на Универзитетот во Доња Горица во Подгорица, Црна Гора, каде ја формира катедрата за графички дизајн и мултимедија, изработувајќи ја комлетната документација за акредитација и елаборатите согласно европската комисија за акредитација во високто образование. Активно работи како про-декан и професор од областа на графичкиот дизајн и визуелните комуникација. Во текот на академската 2013/2014, 2014/2015 и 2015/2016 година доцент м-р Лазе Трипков на Факултетот за дизајн и мултимедија при Универзитетот Доња Горица од Црна Гора, подготвил наставни материјали и реализирал настава по 6 предмети од прв циклус на студии, и тоа: (1) Теорија и основи на  графички дизајн 1, (2) Теорија и основи на графички дизајн 2, (3) Графички дизајн 1, (4) Графички дизајн 2, (5) Графички дизајн 3. (6) Графички дизајн 4. Во 2015 година е избран за вице-декан на истиот факултетот се до јуни 2016 година, а во период од 2016 до 2018 останува визитинг професор на истоимениот факултет со полн фодн на часови на горенаведените предмети.

Од 2018 година со одлука бр. 100-440/2018 од 03.10.2018 год., наставно-научниот совет на Факултетот за уметност и дизајн при Меѓународниот Балкански Универзитет од Скопје, го избира доц. М-р Лазе Трипков во звањето вонреден професор за група предмети од областа на графичкиот дизајн, каде предава на 8 предмети односно 4+4 и еден предмет на мастер студии, во академските години 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022, 2021/2023, и тоа: (1) Графички дизајн 1, (2) Графички дизајн 2, (3) адветајзинг материјали 1, (4) адветајзинг материјали 2, (5) бранд дизајн, (6) дизајн на публикации, (7) графички кориснички интерфејс, (8) корпорациски дизајн, како и на мастер студии (1) унапредување на графичкиот дизајн односно согласно новата програма (1) корпоративен дизајн. Од 2019 е член на сенатот на Универзитетот, и еразмус координатор на сите наставни програми на Факултетот за уметност и дизајн. Активно учествува во промотивните и организациските активности на факултетот, како и во работните групи за подготовка на елаборатите за акредитација и ре-акредитација на наставните програми, а во 2020 успешно ја спроведе

активноста заедно со студентите за изготвување на визуелно решение за најголемиот мурал во југо-источна Европа на фасадата на Џевахир Мол.

## 3. Стручно-уметничка дејност

Кандидатот Лазе Трипков започнува богатата излагачка активност уште од 2002 година, Неговата творечка активност и библиографија ни покажуваат дека тој е еден од поактивните македонски графички дизајнери кој континуирано се презентира на домашната и на меѓународната ликовна и применета сцена. Има реализирано 7 самостојни изложби, во Скопје, Пула, Сараево, Њујорк, меѓукои треба да се издови изложбата „Рефлексии на новата реалност“ која представува интердисциплинарен проект кој ја испитува улогата на плакатот и Виртуелна Реалност, и е прва таква изложба поставена во Македонија и регионот, курирана од Ана Френгова, а беше поставена во Октомври 2021 година во Мала Станица - Национална Галерија. Истотака вреди да се спомене и неговата самостојна изложбата насловена „Македонска Глаголица“, која е понов авторски проект, преку кој ја истражува модерната интерпретација и улогата и значењето на глаголицата. Овој проект нуди една поинаква визија за глаголицата, која е дел од неговото истражување на докторските студии во Чешка.

Дополнително учествувал и на над 75 групни меѓународни изложби за дизајн и визуелни комуникации, меѓукои треба да се издвојат изложбите „2degree.petititon“ во Варшава (2021); „БАУХАУС 100“ во Helms Design Center, The State Tretyakov Gallery, Winzavod Center For Contemporary Art, Artplay Design Center, Ranepa Design School, Poster Museum, Hse Art And Design School, Opticom Gallery, Tula Historical And Architectural Museum, The Manege Central Exhibition Hall во 2019 и во 2020 година; понатака делото „Омаж на Милтон Глејзер„ во Клара Хатон Галеријата во Колорадо (2022); “The future of human” на Фестивалот за дизајн во Лос Анџелес (2023); “Connecting Minds, Creating the Future” на Dubai design Week (2021), “TYPOGRAPHICS AND PEACE“ на Самитот за дизајн во Баку, Азербејџан (2022), „Сараево 100“ во Villa Mediteranee во Марсеј како и во Pingyao Modern technology Gallery во Кина во 2018 година. Во 2016 година во реализаиција на Музеј на Град Скопје како дел од проектот МузеумЛинк 2016/2017 - Полската школа на плакат, патувачка групна изложба, неговите плакати беа изложени во 15 галерии и национални установи од областа на уметноста ширум Македонија.

Има освоено неколку меѓународни признанија, меѓукои наградата Златна пчела од Московското биенале за плакат и почесната награда од Чешката асоцијација за графички дизајн AUG. Неговите дела се застапени во колекциите на Варашвскиот Музеј за плакат, Музејот на плакат во Цирих, Галерија РАНГХИС од Москва, Московското биенале, Боливиското Биенале, Niavaran Cultural Center од Иран, Мексико и др. Член е на меѓународниот програмски совет на Боливиското биенале.

### 4. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Графичкиот дизајн е поле на кое вон. Проф. Лазе Трипков е континуирано и исклучително активен уште од 1998 година. Поседува активно професионално искуство посебно во изминатаите 5 години. Во истиот период автор е на 25 логоа и графички знаци за приватни компании, органзаиции и иницијативи. Во 2022 до 2023 задолжен е за визеулно-графичкиот идентите на Општина Кисела Вода, каде дополнително е ангажиран и како надворешен советник за култура.

Во временски период од 2021 до 2022 работи како креативн експерт и графички дизајнер со цел Осмислување, развој и реализација на креативна и корпоративна стратегија за визуелно и графичко обликување на прокетнта активност на Канцеларијата на ЕУ во Македонија „Technical development and promotion of civil society organizations and the non-governmental sector in Macedonia“ - www.eu4cr.mk

Во истиот период соработува и со Центарот за истражување и креирање политики од Скопје, во рамки на европскиот проект за рамномерно распоредување на буџетот во локалната и централната власт во земјите од Западен Балкан и Моладија, наречен “Gender Budget Watchdog Network”, за што ликовно и графички обликува 12 брошури, 3 книги и води грижа за социјалните мрежи за промоција на проектот.

Заедно со “Националната мрежа против насилство на жените“ поддржано од UNWOMEN, ја реализираат кампања за итна промена на кривичниот законик и осудивање на демнењето, сексуалното вознемирување и и силувањето како тешки кривични дела, каде Лазе Трипков како автор изработува визуелни решенија и 30 кратки видеа и анимации.

Ко-иницијатор е на серијалот „Глаголски Вина од Македонија“ кој е развиен во соработка со Земјдоелскиот Институт при УКИМ од Скопје, кој создаде лимитирана серија

на автохтони сорти на вина, кои ги носат глаголските визуелни обележја на авторот Лазе Трипков. Исто така, по барање на Земјоделски Институт го изработи и новото лого и визуелно-графичко решение за негова употреба и имплементација, а во развојна фаза е и книгата на графички стандарди.

Како доказ за неговите професионални капацитети е и ангажманот од страна на УНДП Македнија и Град Скопје да го изработи јубилејното лого за одбележување на на 60 годишнината од земјотресот во Скопје, под наслов „Скопје се сеќава, 1963-2023" како и активно учествува во експерсткиот тим раководен од УНДП во координативни активности поврзани со одбележувањето на активностите во текот на целата 2023 година.

Покрај тие активности активно се вклучува во менаџирање, курирање, реализаирање и организација на изложби и манифестации од областа на дизајнот, конференции и работилници.

Исто така автор е на неколку позначајни визуелно-графички решенија, логоа и книги на графички стандардни, како и плакати и анимирани решенија за приватни компании и организации.

**Научно-истажувачки труд**

а) Објавени и издадени домашни и меѓународни научни написи, трудови и публикации (од последниот избор во Вонреден професор)

1. проф. Елка Јачева – Улчар; вон. Проф. Лазе Трипков, Ласко Џуровски „**ГЛАГОЛИЦАТА И КИРИЛИЦАТА НИЗ ПРИЗМАТА НА БОГАТОТО МАКЕДОНСКО КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО И НИВНАТА ПРИМЕНА**" Зборник-предавања на LV летна школа на МЕЃУНАРОДНИОТ СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА при УКИМ. Издавач: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура; ISBN 978-9989-43-492-1; УДК 091:003.349 УДК 811.163.3(091) УДК 930.85(497.7) https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/2022-55_seminar-predavanja.pdf

2. Laze Tripkov, **"Glagoljica I Glagoljske vizuelne reprezentacije Makedoniji"** - Hrvatska I Makedonija – 30 godina neovisnosti, prijateljstva I suradnje; Издавач: Македонски Културен Форум, Пула, 2023; ISBN: 978-953-8031-98-2

3. Laze Tripkov, **“Are We Facing With Digital Pandemics - Will New Technology Help In Post-Covid Art Audience”**; Издавач: BAÇİNİ SANAT DERGİSİ / ART JOURNAL, Year 1, Volume 1; January 2023*;* https://dergipark.org.tr/tr/download/article-file/2757395

4. Laze Tripkov, **“What is the impetus for a Poster as art form in context of thematic biennale and design manifestations”**; International Journal of Interdisciplinary Studies in Art and Communication; Faculty of art and design / Faculty of communication - *An overview of visual phenomena in the field of arts, design, new media and visual communications,* Издавач: International Balkan University, Year 1, Volume 1, 2021; ISSN 2671-3691

5. Laze Tripkov, Lenka Sýkorová, Karel Míšek, Yasha Rozov, Dušan Junek, Eduardo Barrera Arambarri, Li Xu, Thierry Sarfis, Pekka Loiri; **“DRAWING AS A NON-VERBAL COMMUNICATION TOOL”** e-book; (Jan Evangelista Purkyně University in Ústí nad Labem) PUNO ISBN 978-80-7561-279-3, e-book, FAD JEPU in Ústí nad Labem; ISBN: 978-1-9160592-5-2, PUNO Press DOI:10.21062/B/DNC T/2021.01, Czech Republic, England, 2021

6. **Laze Tripkov, “For/against another poster competition”;** Издавачи: Akademia Sztuki w Szczecinie, Polsko-Japonska Szkola Akademia Technik Komputerowich; ISBN 978-83-63072-70-4; Полска, Фверуари, 2023

7. **Лазе Трипков, „Социјална инклузија, Вклучи не исклучувај“**- Скопје Постер Фестивал Издавач Плакарт Скопје, ISBN 978-9989-2882-9-4, Септември 2019

8. **Лазе Трипков, “Together We stand“** – Меѓународна изложба на плакати, Скопје Постер Фестивал 2020, Издавач: ПЛАКАРТ; ISBN 978-9989-2882-8-9

9. **Лазе Трипков, „Џамлиите на Динка“,** поглавје од книгата „Динка – од сликарство и графика до нови медиуми“, монографија и ретроспективна изложба /Dinka – From Painting and Graphics to New Media; Monography and retrospective exhibition; ISBN 978-608-257-035-8-1; Ко-издавач Национална Галерија; Октомври 2018;

10. ЦИТАТ ВО СКЛОП НА МЕЃУНАРОДНА ИЗЛОЖБА “LANDSCAPE OF ANXIETY”, ОД АВТОРОТ НАДА ПРЉА, https://www.msu.mk/venue/museum-of-contemporary-art/

**в) Учество на домашни и меѓународни научни конференции**

1. LV летна школа - МЕЃУНАРОДНИОТ СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА при УКИМ. https://www.youtube.com/watch?v=gJEWCGvNDFc , Август 2022

2. *Laze Tripkov*, **"Is technology reinventing the Art Education?"**, lecturer *Art, Creation and Education* – Europe Education Conference, October 2022 Организатор: UJEP, Faculty of art and desig, Czech Republic

3. *Laze Tripkov* **"Reflection of the new reality"**, speaker
International online Design Education Conference, Kyev, Ukraine with focus on "Trends in design education, Reflections of new reality" , December 2021
Организатор: School of Visual Communicatiom, Kyev

4. *Laze Tripkov*, **"The transformation of poster",** guest speaker "Design Virtual Design Education Forum 2021, Valensia, Spain, 11-12 November, 2020
Организатор: The New Art School, Шпанија

https://newartschool.education/2020/11/17/valencia-design-education-forum-2020/

5. *Laze Tripkov* **"Glagolitics visual experiments",** guest speaker
"Cyrillic 2021" - International Scientific and Creative Conference
Организатор: Ranepa Design School, Moscow, may 2021

6. *Laze Tripkov* **"Are we facing with digital pandemics",** guest speaker
International Communication and Art symposium, June 2021
Организатор: Bayburt University, Турција

www.ilsans.com

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По исцрпното разгледување на обемната приложена документација на двајцата кандидатите, на конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања за

предметите од наставно-научната/уметничката област под (60712) друго (графички дизајн и визуелна комуникација) на Факултетот за уметност и дизајн при МБУ, рецензентската комисија констатира дека, по своето обемно работно искуство во областа на графичкиот дизајн и визуелните комуникации, наставното искуство во високообразовна институција, сестраноста на применето и ликовното творештво, уметничката продукција и присуството на домашната и меѓународната ликовна и дизајн сцена, кандидатот м-р Лазе Трипков ги исполнува потребните услови за избор во наставно-научно звање ***редовен професор*** во согласност со Законот за високото образование на РС Македонија и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања.

Исто така со увид на Извадокот на електронската база на податоци за самоевалуација на Меѓународниот балкански универзитет подготвена врз база на анонимна студентска анкета за оценка на наставниот кадар во текот на академската 2021/22 година, како членови на рецензентската комисија констатираме дека за кандидатот м-р Лазе Трипков има ПОЗИТИВНА оценка од самоевалуација.

**Имајќи ги во предвид постигнувањата на кандидатот во наставно-научната/уметничка и образовната дејност и во научно-истражувачката работа, како и фактот дека ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование, чест ни е и особено задоволство да му предложиме на ННУС на Факултетот за уметност и дизајн при Меѓународниот Балкански Универзитет, кандидатот м-р Лазе Трипков да го избере во звањето Редовен професор од областа на графички дизајн и визуелна комуникација на Факултетот за уметност и дизајн при Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје.**

**Рецензентска комисија**

1. проф. д-р Марија Ветероска, редовен професор с.р.

на Факултет за дизан и мултимедија при АУЕ-ФОН Универзитет, Скопје

2. проф. д-р Џемил Бектовиќ, редовен професор с.р.

на Факултет за уметност и дизајн при Меѓународен Балкански Универзитет, Скопје

3. проф. Д-р Тони Васиќ, редовен професор с.р.

на Факултет за архитектура и дизајн при Американ Колеџ, Скопје

## 4. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ПСИХОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ МЕЃУНАРОДЕН БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

Врз основа на предлогот на одлуката бр. 206.43/2023 на Научно - наставниот совет на Факултетот за образовни науки на Меѓународен балкански универзитет во Скопје, Северна Македонија, на 09.10.2023, назначена е рецезентската комисија во состав: проф. д-р. Елена Ачковска Лешковска, проф. д-р. Огнен Спасовски и вон. проф. д-р. Катерина Митевска Петрушева за избор на асистент (код 6) од областа на психологија. На конкурсот објавен во весникот „Службен весник на Република Северна Македонија"од 27.09.2023 се пријави кандидатката: м-р Сонај Билал.

По прегледот на доставената документација, го доставуваме следниов извештај:

### ИЗВЕШТАЈ

**Сонај Билал** од Скопје (Р. Северна Македонија) дипломирала на Филозофскиот Факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје на Институтот за психологија со просек 8.78, исто така магистрирала на истиот институт при УКИМ во Скопје со просек 9.43.

**Работно искуство:**

Кандидатката има над 13 годишно работно искуство во различни организации и проекти.

Во период од **08.2010 до 02.2012** била ангажирана како едукатор/тренер во *Центарот за едукација и поддршка на заедницата на бегалци и баратели на азил во Македонија* , заеднички проект на УНХЦР и Црвен Крст на Град Скопје.

Во центарот кандидатката работела со деца бегалци од предучилишна, училишна и адолесцентна возраст. Нејзините задачи биле во насока на планирање, организирање и спроведување на едукативни работилници и предавања за деца и адолесценти бегалци, како и нивните родители, кои го посетувале центарот за едукација.

Во период од **03.2012 до 05. 2012** била ангажирана како проект асистент во Нансен Дијалог Центар Скопје, каде што потоа била унапредена во проект координатор во период од **06.2012 до 02.2019**, а во период од **03.2019 до 06.2023** работела како проект менаџер. Меѓу нејзини работни задачи биле: развивање на програми за обуки за интеркултурно образование како и тематски обуки од областа на психологија и педагогија, планирање, организирање и спорведување на различни обуки и работилници за наставници, стручни соработници и студенти од Р. С. Македонија но и од регионот (Босна и Херцеговина, Косово).

Кандидатката исто така била ангажирана во развивање на Годишни програми за интеркултурни вонннаставни активности како и за координирање и мониторирање на спроведувањето на тие програми на терен.

Во период од **05.2020 до 06.2023** работела на креирање на содржини за повеќејазичната едукативна интеркултурна платформа за наставници, ученици и родители eduresurs.mk.

Кандидатката посетувала низа на различни **локални и меѓународни обуки** за непристрасен приод во образованието, надминување на стереотипи и предрасуди, анти-дискриминација, ненасилно разрешување на конфликти. Исто така, посетувала и едукативни обуки за стекнување на теоретски знаења и практични вештини за примена, обработка и интерпретација на резултатите од повеќе психолошки методи и техники.

Учествувала на повеќе **локални и меѓународни конференции**, некои од нив:

05.2022 – Меѓународна научна конференција „75 години Иститут за Педагогија – воспитно – образовни предизвици и перспективи“. Презентација на труд: „Интеркултурна трансформација на наставниот процес“, Охрид, Р.С.М

03.2021 – Конференција „Форум иднина: Јазикот како мост“, НВО Актив и Косовска Коалиција за Помирување, Митровица, Косово. Презентација за Интеркултурното образование во Р. Северна Македонија.

05.2019 – Управување со диверзтет: Континуирана релевантност на тематските насоки на HCNM во локални контексти: Образованието како начин за подобрување на социјалната кохезија и еднаквите можности, ОБСЕ, Тетово, Р. Северна Македонија.

11. 2017 - Нансен Модел за интеркултурно образование во основни и средни училишта, Стормонт, Белфаст, С. Ирска.

10.2014 - Нансен модел како алатка за разрешување на конфликти и медијација, Trygg Learning, Ставангер, Норвешка

Кандидатката била дел од различни **работни групи** за креирање на стратешки документи, за истражување, анализирање:

- Идентификување на интеркултурната состојба во мултиетничките училишта во Р. Македонија-Извештај од истражување во две двојазични училишта (2018)

- Идентификување на интеркултурната состојба во мултиетничките училишта во Р. Македонија-Извештај од истражување во едно двојазични и две тријазични училишта (2017)

- Мултикултурноста и интеркултурноста во учебниците од шесто до деветто одделение во основното образование во Р. Македонија (2017)

- Мултикултурноста и интеркултурноста во учебниците од прво до петто одделение во основното образование во Р. Македонија (2017)

Таа ги има следните **публикации**:

- Interculturalism in Education – Handbook for teachers (2023), OSCE and the Ministry of Education, Science, Technology and Innovation, Kosovo.

- Bilal, S., Krsteska-Papić, B. (2022). "Intercultural Transformation of the Educational Process". In Angeloska Galevska, N., Tomevska-Ilievska, E., Janevska, M., Bugariska, B. (eds.). Educational Challenges and Future Prospects: Conference Proceedings. International Scientific Conference “75th Anniversary of the Institute of Pedagogy – Educational Challenges and Future Prospects”, Ohrid, 16-18 May 2022. Skopje: Institute of Pedagogy / Faculty of Philosophy, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, pp. 105-109

- 101 игра - лесни, интересни и забавни игри за сите (2020) (ISBN 978-608-5005-03)

- Чекори кон интеркултурализам (2022) (ISBN 978-608-5005-08-6)

- Како до интеркултурно образование - прирачник за наставници (2018) (ISBN 978-608-5005-07-9)

- Концепција за интеркултурно образование (2015)

- Интеркултурен дизајн во училиштата-практикум за наставници 2 (2015)

- Воннаставни активности според НМИО – практикум за наставници 1 (2015)

- Креативни, модел активности – практикум за наставници 3 (2015)

Кандидатката ги зборува следните јазици: Албански јазик (мајчин), Македонски јазик (течно), Турски јазик (течно), Англиски јазик (течно), Српски/Хрватски јазик (средно), како и Македонски знаковен јазик (базично познавање).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од прегледот на доставените материјали, рецензентската комисија во состав: проф. д-р. Елена Ачковска Лешковска, проф. д-р. Огнен Спасовски и вон. проф. д-р. Катерина Митевска Петрушева и утврди дека кандидатката м-р Сонај Билал ги исполнува условите

за избор во асистент, врз основа на Законот за високо образование на Р. Северна Македонија.

Од прегледот и анализата на доставените материјали од кандидатката м-р Сонај Билал, комисијата заклучува дека има стекнато диплома за завршени магистерски студии од областа на психологија. Таа има соодветно работно искуство, учествувала на повеќе обуки, била активна учесничка на повеќе конференции и има низа на публикации. Ценејќи го вкупниот опис на кандидатката и врз база на изнесеното, со особено задоволство му предлагаме на Сенатот на Меѓународниот Балкански Универзитет, кандидатката **м-р Сонај Билал**, да ја избере во звање **асистент (код 6)** од областа психологија на Факултетот за образовни науки при Меѓународниот балкански универзитет – Скопје.

**Рецензентска комисија:**

1. Проф. д-р Елена Ачковска Лешковска, редовен професор с.р.

на Институт за психологија, Филозофски Факултет при Универзитет св. Кирил и Методиј

2. Проф. д-р Огнен Спасовски, редовен професор с.р.

на Институт за психологија, Филозофски Факултет при Универзитет св. Кирил и Методиј

3. Вон. проф. д-р Катерина Митевска Петрушева, вонреден професор с.р.

на Факултет за образовни науки при Меѓународен балкански универзитет

## 5. РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА АНГЛИСТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ МЕЃУНАРОДЕН БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

Врз основа на предлогот на одлуката бр. 206.42/2023 на Научно - наставниот совет на Факултетот за образовни науки на Меѓународен балкански универзитет во Скопје, Северна Македонија, одржана на 09.10.2023, назначена е рецезентската комисија во состав: проф. д-р. Ана Кечан, вон. проф. д-р. Игбале Мифтари-Фетиши и доц. д-р. Емин Идризи за избор на асистент (код 7) од областа на англистика. На конкурсот објавен во весникот „Службен весник на Република Северна Македонија“од 27.09.2023 се пријави кандидатката: м-р Арзије Амети.

По прегледот на доставената документација го поднесуваме следниов:

### ИЗВЕШТАЈ

***Кандидат бр. 1***

**Лични податоци:**

Име и презиме: Арзије Амети

Дата и место на раѓање: 19.02.1998, Врање- Србија

**Образование:**

1. 2020 – 2022: – магистер по филолошки науки од областа на наставата по англиски јазик при Меѓународен балкански универзитет во Скопје со просечен успех 10.00

2. 2016 – 2020: Дипломиран професор по англиски јазик, при факултет Факултетот за образовни науки при Меѓународен балкански универзитет во Скопје, со просечен успех 9.65

**Работно искуство:**

-Кандидатката Арзије Амети, академската кариера ја започнува во 2021/2022 г. каде е ангажирана како предавач на основно училиште "Наим Фрашери" – Бујановец, Србија.

-2021 година започна на Меѓународен балкански универзитет во Скопје каде е ангажирана како предавач за англиски јазик.

**Учество на меѓународни конференции, работилници, обуки**

Jul 2018 - Certificate of attendance for attending the seminar "Children's success, dedication for all" by NGO Psika 017, Bujanovac, Serbia

Oct 2019 - Certificate of attendance for attending the seminar "Grammar matters" held at the International Balkan University in Skopje.

Dec 2019 – Certificate of achievement in recognition of successful completion of a case study and presentation by International Balkan University, Skopje

Dec 2020 – Workshop – "Using drama activities in the ESL classroom"

Dec 2019 - Certificate of attendance – "Collaborative/parallel teaching in teacher professional development." (Webinar)

Nov 2019 – Decoration as the best student of Faculty of Education at International Balkan University by FRI, Skopje

Feb 2020 – Certificate of attendance – "The setting up of activities and monitoring and feedback" (Webinar)

Mar 2020 - Certificate of attendance for attending Special Education Seminars in 8 topics by TIKA.

Apr 2020 – Certificate of attendance – "Online teaching" (Webinar)

Apr 2020 - Certificate of attendance – "Developing students' speaking skills" (Webinar) by British Council

Jun 2020 – Certificate of attendance – “ELT research across the fracture lines” (Webinar) by British Council

Jun 2020 - Certificate of Attendance – “Beyond motivation: engaging students (online and offline)” (Webinar) by Cambridge Assessment English

Jun 2020 - Certificate of Attendance – “Assessing reading and listening online” (Webinar) by Cambridge Assessment English

Oct 2020 – Certificate of completion, 120-Hour TESOL Certificate Course (2020) by International Open Academy

Apr 2020 - Certificate of Attendance for attending a series of ELT workshops organized by the English Language Teaching department, Faculty of Education at the International Balkan University in Skopje

Nov 2021 - Certificate of Excellence for outstanding academic performance in undergraduate studies of English Language Teaching at the Faculty of Education, with GPA of 9.64

Apr 2021 Certificate of Attendance for attending series of workshops organized by English Language School and ELT department at the International Balkan University in Skopje

Jun 2022 – Certificate of Appreciation for the given contribution for the organization of Balkan Youth School “Youth Circle” by Cultural Association “Dituria” Presevo, Serbia

Sep 2023 – Certificate of Appreciation for attending the ELT Event organized by the Department of ELT at International Balkan University. The topics of the seminar and workshops included Second Language Learning and ELT: trends, challenges, and opportunities; How to Teach Pronunciation? Online Tools for English Language Teachers

## Кратко резиме за кандидатот

**Мр. Арзије Амети** е родена на 19 Февруари 1998 г. во Врање- Србија**.** Основно и средно образование завршува во Бујановац- Србија. Во учебната 2016/2020 академска година се запишува на програма по англиски јазик, на факултет Факултетот за образовни науки при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје од каде во 2020 година дипломира и се стекнува со стручен назив ***дипломиран професор по англиски јазик*.**

За време на студирањето покажа извонредни перформанси, каде во 2019 година беше избрана од страна на Исламскиот младински форум во Скопје како „Најдобар студент на Факултетот за образовани науки на Меѓународниот Балкански Универзитет. Исто така, во 2021 година, со просек 9.64 и беше доделена сертификат најдобар студент на годината во Меѓународниот Балкански Универзитет, на Факултетот за образовни науки, на катедрата Настава по англиски јазик. По завршувањето на дипломските студии, таа работела како наставник во основно училиште во Бујановац. како и членка на Културното друштво „Дитурија“ во Бујановац, каде што работи на различни проекти за младите и доселениците, каде и водела курсеви по англиски јазик за деца и возрасни. Во 2020 се запишува на постдипломски студии на Факултет за образовни науки, при Меѓународниот Балкански Универзиете во Скопје. На ден 02 ноември 2022 г. со одбрана на темата: **„Using Gamification to Enhance EFL Learners' Pronunciation“,** се стекнува со звање **магистер по филолошки науки, од областа на Наставата по англиски јазик,** со просек 10.

Од 2021 до 2023 година, кандидатката работеше како предавач по англиски јазик, во подготвителната школа на Меѓународниот балкански универзитет.

**Чест ни е и особено задоволство да му предложиме на Сенатот на Меѓународниот балкански универзитет, кандидатот Арзије Амети да ги избере во звањето магистер на хуманистички науки / филологија во областа на книжевност на Факултетот за образовни науки при Меѓународниот балкански униврзитет во Скопје.**

**Рецензентска комисија:**

1. Проф. д-р. Ана Кечан, редовен професор с.р.
   на Факултет за образовни науки при Меѓународен балкански универзитет

2. Вон. Проф. д-р. Игбале Мифтари-Фетиши, вонреден професор с.р.
   на Факултет за образовни науки при Меѓународен балкански универзитет

3. Доц. д-р. Емин Идризи, доцент с.р.
   на Факултет за образовни науки при Меѓународен балкански универзитет